МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 53-а став (4) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13 и 43/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МЕСТОТО НА ПОСТАВУВАЊЕ, НАЧИНОТ НА ПОСТАВУВАЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПЧЕЛНИ СЕМЕЈСТВА ВО ШУМА

## Член 1

Во Правилникот за местото на поставување, начинот на поставување, формата и содржината на барањето како и формата и содржината на одобрението за поставување на пчелни семејства во шума („Службен весник на Република Македонија" бр.102/13) Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.02-4173/3 Министер
за земјоделство,

7 мај 2014 година шумарство
и водостопанство,

Скопје Љупчо
Димовски, с.р.

ПРИЛОГ 1

**До: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Б А Р А Њ Е**

за добивање на одобрение за поставување на пчелни семејства

Им и презиме/Назив на правното лице:

______________________________________________________________________________

Адреса: ____________________________________________________________________

Име и презиме на управителот:_________________________________________________

Шифра на дејност:_____________

Контакт телефон _________________ и е-адреса:____________________________________

Барам горенаведениот наслов да ми издаде одобрение за поставување на пчелни семејства на следнава локација:

Шумскостопанска единица:_______________________________________________________

Оддел/пододдел: _______________________________________________________________

Место викано:__________________________________________________________________

Површина:_____________м$^2$

Начин на поставување:___________________________________ (Стационарен/Селидбен)

Во прилог на барањето доставувам потребните документи:

- Позитивно мислење од корисникот односно управувачот на шумата

| | | |
|---|---|---|
| Датум: | М.П.* | Барател: |
| _____________ | | ______________ |

* За трговските друштва не е задолжителна употреба
на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва